**27**.Фивес Пиллард Марсеј,Франција Технологик де Шато Гомберт ,Марсеј Франција преку адв. Златко Кујунџиски преку Адв.друштво Георгиевски ..со процент на утврдено и признато побарување од 0,734 %.

**28**.ДЕЛМА ДООЕЛ Скопјеул.Борис Трајковски бр.55, преку пол. адв. Владо Стојковки .со процент на утврдено и признато побарување од 0,020 %.

**29**.МФ-Царинска управа на РСМ преку Патирова Снежана вработена кај доверителот. .со процент на утврдено и признато побарување од 2,129 %.

**30**.ИНА ТРЕЈД-ЛОТЕ ДООЕЛ Охрид со процент на утврдено и признато побарување од 0,037 %. и ЕЛДИА ИНТЕРНАЦИОНАЛ Кавадарци преку адвокат Наум Лотески Охрид .со процент на утврдено и признато побарување од 0,008 %.

**31** .АД за Осигурува и реосигурува ВИЕНА Иншуренс ГРУП Македонија преку пол. адв. Соња Пирганоска .со процент на утврдено и признато побарување од 1,0 %. . гласам одборот на доверители да брои 3 члена.

32. ЈП Комуналец Кавадарци преку пол. РОска Спанџова Клинчарова вработена кај доверителот. .со процент на утврдено и признато побарување од 0,497 %.
33. Жани Компани ДООЕЛ Скопје преку пол. адв. Христина Стојановиќ. .со процент на утврдено и признато побарување од 0,204 %.
34. ОПТИМА Логистиг АГ ДООЕЛ Кавадарци преку управителот Дончо Дубров. .со процент на утврдено и признато побарување од 0,161 %.
35. ЕЛКЕМ Маса Норвешка преку адв. Андреа Лазаревска Скопје .со процент на утврдено и признато побарување од 0,818 %.
36. МЕНИ Транс Кавадарци преку управителот Златко Куковски. .со процент на утврдено и признато побарување од 0,333 %.
37.КАДМЕНАЦМЕНТ СЕРВИС С ЛИМИТЕР .со процент на утврдено и признато побарување од 3,206 % преку адв. Елена Кузмановска од адв. друштво Тошиќ и Јефтиќ и ВУРТ Македонија Скопје преку истиот пол..со процент на утврдено и признато побарување од 0,005 %.
38. НАВИКО Шипнг ДОО Скопје преку вработената Росица Ефтимовска. .со процент на утврдено и признато побарување од 0,305 %.
39.ДПТУ МИСА-МГ ДОО експорт-импорт Скопје .со процент на утврдено и признато побарување од 0,075 %. и за КЛАДИ МАГНЕЗИТОВЕ РОБЦЗУЦЕ Варшава-Полска .со процент на утврдено и признато побарување од 0,261 %.

преку пол. адв. Огнен Манчевски од адв. друштво Пепељугоски.
40 КОмпанија ЛАЛА 06 ШПК од Елбасан -Албанија преку адв. Арбен Гоља од Скопје. .со процент на утврдено и признато побарување од 0,044 %.
41.ХРИСФОРД од Скопје преку пол. адв. Томислав Николовски од Скопје. .со процент на утврдено и признато побарување од 0,006 %.
42. Друштво ССА ДООЕЛ Скопје преку пол. адв. Наташа Столеска адв. од Скопје. .со процент на утврдено и признато побарување од 0,657 %.
43. ИМ СОЛУТИОН ИКЕ Солун -Грција .со процент на утврдено и признато побарување од 0,188 %. и ИМ СОЛУТИОН ГТМ ДОО Битола .со процент на утврдено и признато побарување од 0,063 %. преку адв. Никола Пили..
44. СИЕР Скопје .со процент на утврдено и признато побарување од 0,032 %. и група на вработени од 102 преку пол. Миле Ѓорѓиев од Кавадарци. .со процент на утврдено и признато побарување од 0,941 %.
45. Костов Транс преку управител Златко Костов. .со процент на утврдено и признато побарување од 0,018 %. . гласам одборот на доверители да брои 3 члена.
46.Друштво ФЕРО Никел ЛТД Елбасан АЛбанија преку пол. адв. Павлинка Димитрова.нема признато побарување.
47. ТЕХНО СКОП ДООЕЛ Скопје преку адв. Љубомир Димовски од Скопје. .со процент на утврдено и признато побарување од 0,005 %.
48. ЕНЕР Транс ДООЕЛ Кавадарци преку пол. адв. Петре Мишков. .со процент на утврдено и признато побарување од 0,037 %. . гласам одборот на доверители да брои 3 члена.
49.ДУКАН Транса с. Возарци-Кавадарци преку пол. адв. Игор Мурџевалески. .со процент на утврдено и признато побарување од 0,025 %.

Се констатира дека Собранието на доверители за да остане бројот на членови на Одбор на доверители од 3-ца гласаа 74,9 % од присутните доверители претставени на денешното Собрание а да се против гласаа 25,1 %.

Судот констатира дека собранието на доверители ја донесе следната

**ОДЛУКА**

**Не се прифаќа** предлогот да се зголеми бројот на членови на Одборот на доверители.

**Пол. на КАД МЕНАЏМЕНТ** прдложи да се смени членот на одборот на доверители и тоа или Комерцијална Банка АД Скопје или Друштвото за ревизија БДО Скопје и на место на било кој од нив за член на доверители да биде доверителот КАД МЕНАЏМЕНТ.

Судот констатира дека ЗА да се сменат членовите Комерцијална Банка АД Скопје или Друштво за ревизија БДО Скопје гласаат **ЗА** 4,2 % а **ПРОТИВ** гласаат 95,8% па судот ја донесе следната

**ОДЛУКА**

**Не се прифаќа** предлогот да се сменат од членови на Одбор на доверители на стечајниот должник Комерцијална Банка АД Скопје или Друштво за ревизија БДО Скопје.

Од присутните доверители кој што се претставени на ова собрание на доверители ЗА гласаат 95,8% истиот состав Одбор на доверители а ПРОТИВ

гласат 4,9% .

Имајќи го во предвид гласањето од доверителите е донесена следната:

**О Д Л У К А**

Се констатира дека Собранието на доверители на стечајниот должник Трговско друштво за ископ на руди, производство на метали, трговија и услуги ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ ДОО с. Возарци Кавадарци - во стечај го потврди составот на Одборот на доверители именуван со решение на стечајниот судија од 26-02-2024 година за членови на Одборот на доверители и тоа :

1. Комерцијална Банка АД Скопје со седиште на ул. Васил Иљоски бр. 3 Скопје, со ЕМБС:4065573,
2. Друштво за ревизија БДО ДОО Скопје со седиште на ул. Јане Сандански бр. 11 Скопје , со ЕМБС: 5264731,
3. Синдикат за индустрија енергетика и рударство на Македонија СИЕР Скопје со седиште на ул. Мирче Ацев бр. 6 Скопје , со ЕМБС: 4255178

**По однос на третата одлука** што треба да ја донесат доверителите на првото извештајно собрание , и тоа одлука по доставената иницијатива за подготовка на План за реорганизација поднесена од доверителот К.А.Д. МЕНАЏМЕНТ СЕРВИСЕС ЛИМИТЕД Никозија Кипар , доверителите се изјаснија на следниот начин.

**Пол.на подносителот на иницијативата изјави:**

Во моментот имаме само иницијатива за реорганизација, станува збор за сериозна компанија која работи сродна дејност има голем капитал и има интерес да придонесе кон што е можно по големо намирување на доверителите.

Во оваа фаза имаме само иницијатива, доколку биде прифатена иницијативата се ќе биде образложено во планот.

До колку е потребна дополнителна информација во овој момент можеме да обезбедиме .

**Доверителите побараа да се произнесе стечајниот управник:**

За иницијативата сум запознат на начин како што и сега е изложено затоа што добив во писмена форма поднесок, многу е важно да се знае што би било предмет за реорганизација со оглед дека како што е познато во месец 12.2023 год Комерцијална Банка Ад Скопје во постапка на присилно извршување пред надлежен извршител за претходно воспоставени хипотеки за имотот на должникот го има превземено целокупниот недвижен имот на должникот како и подвижниот имот речиси целокупен.

Во моментот се одвива само одржување на топла состојба на печката во организација на Комерцијална Банка која што не само е сопственик и го владее имотот , така што од друга страна стечајниот должник не ја обавува ниту својата дејност односно не го извршува деловниот потфат за што е регистриран.

Бпрочем тоа е и предмет на реорганизација доколку постојат услови.

**Потоа Царинска управа преку својот пол. изјави**:

Сакам да го слушнам целиот извештај од стечајниот управник.

По однос на третата точка од Дневниот ред доверителите ЗА одобрување на иницијатива за план за реорганизација гласаа 15,12% од

присутните доверители претставени на денешното Собрание а ПРОТИВ иницијативата гласале 84,88%.

Имајќи го во предвид гласањето на присутните доверителит.

Судот констатира дека Собранието на доверители со 84,88% од утврдените побарувања претставени од присутните доверители ја донесоа следната:

ОДЛУКА

**Не се прифаќа** предлогот за одобрување иницијатива за подготовка на план за реорганизација поднесен од стечајниот доверител. К.А.Д. МЕНАЏМЕНТ СЕРВИСЕС ЛИМИТЕР Никозија Кипар.

По однос **четвртата одлука** што треба да ја донесат доверителите судот му даде збор на стечајниот управник кој ја изнесува содржината на Извештајот за економско финансовата состојба на долникот доставен во судот на ден 16-04-2024 година како и Извештајот за процена на вредноста на целокупниот имот бр.328-2024 од 18-03-2024 година доставена во судот на 16-04-2024 година ВИЗИЈА-Т ДООЕЛ Скопје.

**Стечајниот управник изјави**:

.Солгасно чл.96 од ЗС како стечаен управник изготвив извештај за економско финансискста состојба на должникот, истиот го депонирав во стечајнот досие кој што е изготвен согласно одредбите од ЗС.

Согласно податоците од ЦР-РСМ видно е дека должникот е регистриран со седиште во. с. Возарци-Кавадарци 21.01.2019 год, со организационен облик ДОО , основачи на друштвото се : ГЛОБАЛ СПЕШАЛ ОПОРТУНИТИ ЛТД од Бахами кој учествува во основната главнина со паричен влог од 2 милијарди денари, и Друштво за управувачки дејности ЕУРОНИКЕЛ С: Возарсци Кавадарци кој учестува во основната главница со паричен влог од 310.000,00 денари.

Приоритетна дејност на друштвото должник е производство на други обоени метали.

Во досегашниот тек од СП превземени се дејствија согласно одредбите од ЗС имено објавен е оглас за отворање на СП во Службен весник и 2 дневни весника, отворена е стечајна жиро сметка во Деловна Банка, изготвени се стечајни печати, спроведен е попис на имовината затекната на денот на отворање на СП материјалите за попис се составен дел на овој извештај, и зготвен е почетен стечаен биланс, при изготвување на годишна сметка за 2023 год и дел 2024 год за еден месец, изготвени од моја страна заедно со ангажирани стручни лица , за истите постои проблем, имено од страна ан ЦР-РСМ се вратени , се бара ревизорски извештај поради задоцнето доставување на годишната сметка од претходното раководство.

Последна годишна сметка должникот има предадено во ЦР-РСМ за 2022 год во кое се видни следните податоци: во билансот на состојба за 2022 год книжени се материјални средства во вкупен износ од 4.128.398.682,00 ден, од кои поголемиот дел припаѓаат на недвижности и тоа на 1.351,909,559,00 ден и постројки и опрема евидентирани на износ од 2.338.384,550,00 ден евидентирани се транспортни средства, канцелариски мебел, материјални средства во подготовка и останати материјални средства.

Споредбено погледната во биланс на состојба бо 2023 год при

отварањето на СП имаме евидентирано значителни отстапувања во износите и тоа: материјалн исредтва се евидентирани на вкупен износ од 16.079.888,00 ден од кои евидентирани се само транспортни средства на износ од .7.482.074,00 ден како и алат, погонски и канцелариски материјал и мебел на износ од .8.597.814,00 ден.

Недвижности не се евидентирани.

И видно од двата биланси на состојба споредбено 2022 и 2023 год видно е значително намалување на имотот на должникот.

Во 2022 год евидентирани се залихи на вкупен износ од 2.942.773.067,00 ден од кои воглавно по голем дел припаѓаат на залихи на суровини и материјали и тоа на износ од 1.029.000.000.00 ден, залихи на резервни делови , ситен инвентар и амбалажа и авто гуми на износ од .1.607.345.00 ден , залиха на недоврешни производи и полупроизводи евидентирани на износ од .731.325.011,00 денари како и залха на готови производи на износ од 575.013.476,00 ден, споредбено погледнато во билансот на состојба за 2023 год залихите се евидентирани на вкупен износ од 2.124.770.389,00 ден и видно е дека има значително одстапување односно намалување кај ставката на залихи на суровини и материјали евидентирани на износ од 551.521.933,00 ден.

Во билансот на состојба за 2022 год евидентирани се краткорочни побарувања на вкупен износ од 2.578.063.464,00 ден кој припаѓаат во главно од купувачи во странство и тоа на износ од 2.065.226.928,00 ден, и побарувања од други основи наведени во извештајот.

Споредбено погледнато во билансот на состојба за 2023 год краткорочни побарувања се евидентирани на вкупен износ од 3.677.104,660,00 ден, кој исто така се евидентирани во главно како побарувања од купувачи во странство на износ од 3.298.717.364,00 ден.

Приходите од работењето во 2022 год се прикажани на износ од 11.440.288.338,00 ден додека расходите се прикажани на износ од 11.501.783.279,00 ден, споредбено погледната во биланс на успех за 2023 год евидентирани се приходи од работењето во износ од 5.208.699.978,00 ден додека расходите се евидентирани на износ од 8.398.276.307,00 ден.

Имотната состојба на должникот е следна: согласно податоци на АКН должникот не е запишан како носител на право во АКН.

Како што истакнав претходно целокупниот недвижен имот и скоро целиот движен имот на должникот во месец 12.2023 год бил предмет на присилна постапка во извршна постапка од Комерцијална банка и имотот е пренесен на Комерцијална Банка.

Стечајниот должник располага во сопственост со движен имот - резервни делови и ситен инвентар на залиха, готов производ и недовршено производство , основни средства суровини и репро материјали.

Согласно потврда до Заложен регистар евидентиран е залог на транспортни возила, залиха на руда , никел и други суровини наведени во писмената информација од заложниот регистар.

Согласно Информација од ЦР-РСМ должникот е евидентиран како основач-сопственик н а3 правни субјекти и тоа : Долина на Никелот, НОВА ИНЖИНЕРИНГ; ЕУРО НИКЕЛ ЕНЕРЏИ сите со седиште во с. Возарци -Кавадарци, и евидентиран е како содружник во субјектот НОВА РЕФРАКТОРИ Пехчево.

Согласно известување од ЦДХВ должникот е евидентиран како имател на хартии од врдност и тоа : 250 обични акции во МКК ЕУРОНИКЕЛ со номинална вредност од 100 евра по акција.

Над евидентираните хартии од вредност забележани се забрани за располагање и оптоварување од Царинска управа со датум 23.11.2023 год кое ограничување нема дејство спрема стечајната маса согласно чл.145 од ЗС.

Извршен е попис на имотот сопственост на стеч, должник затекнат на денот на отварањето на СП и за истиот извршена е проценка од овластен проценител избран на јавен оглас од страна на ОДборот на доверители.

Извештајот за проценка е депониран во стечајното досие при овој суд.

Согласно извештајот за проценка вредностите на имотот на должникот се следни: залихи на резервни делови и основни средства во вкупна вредност од 522.750.194,00 ден со напомена дека за истите залихи прикажана е процената вредност и по Агрегирана метода која во висина од 209.100.077,00 ден.

Транспортните средства се проценети на износ 30.510.150,00 ден, залихи кој што се под залог на Комерцијална Банка се проценети на износ од 705.162.014,00 ден и залихи кој не се под залог со проценета вредност од 45.996.876,00 ден.

Со оглед дека како што истакнав претходно пред отворањето на СП целокупниот недвижен имот и голем дел од движниот имот е превземен во сопственост на Комерцијална Банка од страна на банката е организирано обезбедувањето на имотот , така што не постои потреба и можности за ангажирање на друга агенција за обезбедување на имотот на стечајниот должник.

Во предвидениот рок согласно за отварање на СП пријавени се побарување од вкупно 977 доверители со парични побарување во вкупен износ од 4.781.147.902,00 ден.

Согласно расположливата документација признати се парични побарувања во вкупен износ од 1.669.019.482,00 ден а оспорени се парични побарувања во вкупен износ од 3.112.128.420,00 ден.

Структурата на пријавени побарувања е следната: Побарувања од вработени по основ на нето плати и други надоместоци за вкупно 4 месеци пред отворањето на СП се во вкупен износ од 96.769.517,00 ден, истите се во целост признати .

Напоменувам дека согласно ЗС како приоритетни побарувања за вработените за последните 3 месеци пред отворањето на СП се на износ од 63.789.428,00 ден, нето плата и придонеси на износ од 34.115.478,00 ден.

Пријавени се побарувања од транспортери издвоени како посебна ставка во вкупен износ од 188.230.008,00 ден.

Пријавени се побарувања од останати правни лица во износ од 4.496.068.831,00 ден, во табелата на признати и оспорени побарувања се наведени податоци .

Поднесени се две пријави на побарување за утврдување на разлачно право над движен имот и тоа од Комерцијална Банка за залог на залиха на суровини и репроматеријали - руда, троска , никел како и поднесена е пријава од Царинса управа за залог на возила воспоставен во рамки на 90-те дена пред поднесување на стечај кој што залог не произведува правно дејство согласно ЗС.

Табелата на признати и оспорени побарувања согласно ЗС е доставена до доверители со оспорени побарувања чиј што приговори беа предмет на испитното рочиште исто така табелата беше депонирана во досието на овој суд.

За не уредните пријави истите беа враќани на уредување за по исправно одлучување.

По истекот на рокот за поднесување на пријави поднесени се две не навремени пријави според кој соглано ЗС се имам произнесено.

На денот на отварање на СП кај должникот затекнати се во работен однос 677 вработени лица за кој што од моја страна како стеч. управник им беа издаден решенија за престанок на РО согласно ЗС и заедно со ангажираните лица кај должникот организирано е спроведување на административно техничка

постапка за нивно одјавување и пријавување во АВРСМ.

За судските постапки затекнати кај стеч. должник на денот на отварањето на СП кој што ги превзема по сила на закон стечајниот управник како и судските постапки кој ќе произлезат во текот на СП согалсно нивната обемност ангажирани се адвокати.

Како причини за лошата економско финансиска состојба на должникот можат да се наведат дека неговото тековно работење се одвивало преку ненамирување на обврските спрема деловните партнери.

Во своето работење должникот се задолжувал значително повеќе од неговата платежна способност.

Носењето на лоши деловни одлуки во работењето допринело должникот се повеќе да се задолжува и да не ги измирува обврските према доверителите особено према Деловната банка- Комерцијална банка со високи кредити и заложување на целокупниот недвижен и движен имот.

Не е затекната програма од менаџментот на должникот за намалување на тековните и други трошоци, должникот продолжил да функционира како во нормални услови што довело до негова задолженост.

На основа на увидот во Трговските книги и деловната документација што ми беше достапна кај должникот и од надлежните институција и органи , видна е не ликвидност на должникот неговите жиро сметки се блокирани по долго од 45 дена.

Може да се заклучи дека функционирањето на должникот во изминатиот период било на товар на доверителите како што истакнав преку не подмирувањето на обврските према нив.

Имајќи ја предвид по долго трајната не ликвидност на должникот блокраните жиро сметки по долго од 45 дена, истиот не способен за плаќање од било која негова жиро сметка, по долго време не ја обавува дејноста за која е регистриран ниту ја извршува своите обврски спрема доверителите, а како што истакнав и претходно целокупниот имот е продаден во Извршна постапка пред отворање на СП така што неговата економско финансиска состојба е таква поради што го давам следниот предлог:

Собранието на Доверители да донесе одлука со која деловниот потфат на должникот ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ ДОО - во стечај да биде затворен - ликвидиран преку впаричување на должниковиот имот.

Продажбата на имотот ќе се спроведе од страна на стечајниот управник и другите органи на СП по правила согласно ЗС и е-аукција.

Паричните средства што ќе се остварат од продажба на должниковиот имот согласно ЗС ќе бидат искористени за намирување на трошоци и обврски на стечајната маса и намирување на доверители во ЗП.

**После извештајот од стечајниот управник пол. на доверителот К:А:Д менаџмент Никозија Кипар праша:**

-Што би се случиле со Аинтегрираната дозвола на стечајниот должник.

**Стечајниот управник изјави:**

Тоа не е надлежност на стеч. управник а ќе ги известам надлежните министерства но од друга страна стечајот јавно се објавува и тие знаат дека е отворена стечајна постапка над должникот.

**Пол.на доверителот АМЕРИКАНО НИКЕЛ праша.**

-Како би се продавал имотот и залихите на резервни делови и основни средства и тоа: по вообичаената метода, поединечно или по агрегираната метода сите заедно.ж

**Стечајниот должник изјави:**

Пред да се отпочне со продажба оваа пробелматика ќе биде изложена и пред Одбор на доверители заради формирање на функицонални пакети на имотот и тоа за оние движни ствари кој можат да бидат продавани во заеднички пакет.

Овде станува збор особено за залихи за резервни делови лоцирани во магацин во Централен магацин за кој што е дадена за секој дел поединечна вредност и во спецификацијата е даден нивниот збир.

Напомената е дека тој збир од 522.750.194,00 ден тие вредат толку доколку се продаваат поединечно , но проценителите даваат пресметка и по агрегирана метода доколку се донесе одлука за продавање во еден пакет.

Тоа истото важи и кај канцелариският материјал.

За побарувањата што ги има стечајниот должник доколку биде утврдено дека постои валидна книговодствена документација ќе биде поведена судска постапка а претходно ќе бидат доставени вон судски опомени.

**Адв. Леонард Кузев праша:**

Што ќе се случи со компаниите во кој има удел стечајниот должник.

**Стечајниот управник изјави:**

За 2 компанија НОВА РЕФРАКТОРИ и НОВА ИНЖИНЕРИНГ кој што поседуваат движен имот претходно во истата постапка на присилно извршувањет Комерцијална Банка како заложен доверител го превзела во сопственост целокупниот нивни движен имот за кој бил воспоставен залог како залог со својство на извршна исправа, така што од досегашните сознанија овие две друштва и не располагаат со некој квалитетен имот.

За друштвото Долина на Никелот истиот не располага со имот колку што ми е познато до сега, во едно за ова друштво веќе е поведена и СП.

Останатото друштво МКК ЕУРОНИКЕЛ станува збор за Кошаркарски клуб во Кавадарци каде што должникот поседува акции кој што согласно законската регулатива во натамошниот тек од СП ќе бидат понудени на продажба.

**Царинска управа преку својот пол. изјави:**

Целокупната залиха на „ нафтен кокс " се пријавени со 2 решенија , акцизни долгување кој се делумно платени од Комерцијална Банка а останатиот износ треба да биде намирен во вкупен износ во текот на продажбата со камата до денот на плаќањето согласно Законот за акцизи и законот за даночна постапка.

Пол на доверителот АД МЕПСО изјави:

Гласам ПРОТИВ извештајот а од следните причини:

Овој извештај не се совпаѓа со извештајот за финансиската состојба на должникот изготвен од привремениот стеч. управник Љубица Зајкоска од

Прилеп, не се согласуваме со предлогот за ликвидација на стеч. должник и наплата на побарувања од стечајната маса, бидејќи средствата кој се утврдени како стечајна маса се не доволни за намирување на стечајното побарување на АД МЕПСО, имајќи ја одлуката на претходното побарување на ова Собарание бидејќи не беше прифатена иницијативата за реорганизација на стеч. должник испуштена е можноста да се добие евентуално по поволна понуда за намирување на побарување на доверителите во поголем процент.

Застапникот на УЈП изјави:

Гласам ПРОТИВ извештајот.

Царинска Управа изјави:

Гласам ПРОТИВ извештајот.

Пол. на доверителот К.А.Д. ЛИМИТИД изјави:

Гласам против извештајот.

Сите останати доверители се изјаснија дека го прифаќаат и гласат ЗА извештајот изготвен од стечајниот управник.

Потоа судот констатира дека Собранието на доверители со процент од 11,26 % гласа ПРОТИВ извештајот и со процент од 88,74% гласале ЗА извештајот изготвен од стечајниот управник па СОбранието на Доверители ја донесе следната :

**О Д Л У К А**

**Се усвојува** Извештајот за економско финансовата состојба на должникот и причините што довеле до отворање на стечајна постапка, изготвен од стечајниот управник Ацо Петров од Скопје примен во судот на ден 16-04-2024 година.

**Се затвора** деловниот потфат на стечајниот должник.

**Се пристапува кон впаричување** на имотот на должникот а впаричувањето да се спроведе со продажба на должниковиот имот по пат на електронска аукција согласно одредбите од Законот за стечај.

Присутните доверители изјавија дека немаат приговор на начинот на водење на записникот, запишувањето на нивните изјави, утврдувањето на нивните гласачки права и евиденцијата на гласањето од нив , дека се сложуваат со содржината на записникот и истиот своерачно го потпишуваат.

Извештајното Собрание на доверители заврши во **13:35 часот**

За доверители, За стечаен должник-Стечаен Управник

Записничар, Стечаен судија,